# **КОВИД – 19 ИНФОДЕМИЈА:**

УЛОГАТА НА КИНА НА ГЛОБАЛЕН ПЛАН

Европската Унија соочена со „дипломатијата со маски“

**Блог: Весна Шапкоски, Правен факултет - Универзитет Св. Климент Охридски – Битола**

Непредвидени ситуации бараат воведување на непредвидени мерки. Внатрешните и надворешни политики колку и да ги имаат предвид ризиците и можните кризи, понекогаш пропуштаат да ги амортизираат без поголеми последици, особено ако тие доаѓаат од области кои наивно се сместувани во категоријата на прашања кои немаат критично наднационално значење.

Ширењето на новиот коронавирус започна во кинескиот град Вухан кон крајот на декември, 2019 година. Оттогаш, вирусот се прошири ширум светот, а според статистиката на СЗО до февруари 2021 се регистрирани повеќе од 107 милиони случаи на заболени од кои повеќе од 2 милиони се починати. Во првите два месеци од појавата, кога ширењето се чинеше дека претставува опасност која може да се контролира во границите на Кина, Европската Комисија постапи во согласност со своите вредности на солидарност и соработка и донесе одлука за испраќање помош на Кина во форма на медицински материјал и опрема. Ова не беше посебно актуелизирано во јавноста во тој период, а и онаму каде што беше не наиде на некое посебно внимание, бидејќи во тој момент се чинеше како логично постапување согласно принципите врз кои се темели Унијата. Како што подоцна сфативме, тоа беа последните секунди пред бурата, која за кратко заведе размери што никој не ги замислуваше. Како што вирусот се прошири низ Европа и светот, прашањето беше брзо политизирано и пандемијата стана движечка сила на односите на Кина со најистакнатите ривали и партнери.

## Трансконтинентално пренесување на опасноста или отворање можности?

Од крајот на февруари, заканата од коронавирусот се интензивираше низ цела Европа. Лидерите на државите-членки започнаа со акција, но нивните некоординирани одговори донесоа големи проблеми. Од друга страна, стапката на заболени се намалуваше во Кина па кинеската влада и најголемите компании како „Хуавеи“ и „Алибаба“, истапија со помош за Италија и други европски држави. Кина го искористи моментот дискурзивно да го промовира својот наратив за најголема и единствено одговорна сила, за идеологија чие прифаќање може да им донесе само корист на државите во светот, преку аплицирање на мека моќ и суптилна игра на картата на емоционална грижа за другите во тешките времиња. Тука започна симболично наречената „дипломатија со маски“ во рамки на која илјадници пратки со маски, медицинска опрема и персонал беа испратени најпрво во најпогодените држави на Европската Унија, а потоа и на други држави-членки и соседни

држави. Сето ова беше проследено со масовна медиумска кампања, каде секојдневно беа прикажувани снимки од кинески политичари и дипломати ширум светот како ја предаваат толку потребната помош на најпогодените држави.

Дека ова не беше само подавање рака за надминување на кризата од страна на одговорната светска сила, туку стратегија за долгорочно и одржливо промовирање на кинескиот дискурс на територијата на Европа но и пошироко, говорат неколку важни моменти од овој процес. Помошта доаѓаше најпрво и во најголем обем кај земјите кои од претходно имаат воспоставено партнерски однос со Кина – Италија не беше само земјата која беше најтешко погодена од коронавирусот во Европа, таа исто така беше и првата голема европска економија и првата држава од Г-7 групата која во 2019 се приклучи кон иницијативата Појас и пат. Од земјите на Западен Балкан, прва и најголема помош доби Србија, која има значајна економска и политичка поврзаност со Кина, но повеќе од сè која од почетокот на пандемијата помпезно го одбележуваше секој гест на солидарност кон и од Кина. Понатаму, вакавата помош во континуитет беше проследувана со нагласување на Кина како одговорна голема сила, која го зајакнува концептот на заедништво и заедничка иднина, алудирајќи притоа на пропустите на САД и ЕУ тоа навремено да го направат. Во сето ова, немаше ниту една реченица за потеклото на вирусот, во обид да се одвлече вниманието од обвинувањата насочени кон Кина за ненавремената реакција која можеше да спаси милиони. И крајно, но не најмалку важно, оваа помош како што пренесе кинескиот медиум Шинхуа, беше проследена со најавата за воспоставување на „Здравствен пат на свилата“. Со тоа индиректно се наметна намерата за преземање целосна контрола над наративот за коронавирусот, справувањето и последиците.

## Симнување на маската

Искористувањето на масовното производство на медицинска опрема и веќе обучениот и искусен медицински персонал во полза на странски држави, во ситуација кога вирусот во Кина беше веќе делумно ставен под контрола, се чинеа како ПР погодок.

Но, набрзо следуваа поплаките за квалитет. Голем број на европски држави ја отфрлија медицинската опрема затоа што не била во функција или не ги исполнувала локалните стандарди. Во Велика Британија, според информаците кои Ен-Би-Си Њуз ги пренесе на 30 април 2020, властите предупредија дека стотиците вентилатори можеле да убијат пациенти доколку биле користени. Истиот ден, кинеската Си-Џи-Ти-Ен објави дека властите во Кина воведуваат нови правила за ивоз со цел да се контролира квалитетот на производите кои се испраќаат во странство, иако се смета дека тоа не е проблем на немање квалитет, туку на оперативни пропусти. Сепак неисправни кинески производи и понатаму го наоѓаа патот до други земји. Кон средината на мај 2020, како што пренесоа новинските агенции на Ал Џезира, Европската комисија ја прекина планираната испорака на 10

милиони маски добиени од Кина, предупредувајќи дека ќе преземе правни мерки против добавувачите доколку е потребно. Сето ова ја компромитираше дипломатијата со маски, па таа полека го изгуби интензитетот на своето влијание.
Во суштина, ваквиот тек на настаните и не е толку за изненадување, бидејќи основата на еден ваков дипломатски трик, креиран врз здравствена криза која однесе милиони животи, е неодржлив на долг рок. Дотолку повеќе што неодговорноста на другите големи сили на која се повикуваше Кина, особено во случајот на Европската Унија, се покажа дека е само недостаток на соодветни механизми за брз одговор во непредвидени ситуации. Тоа со право може да се критикува, но никако да се користи за наметнување на една друга сосема спротивна идеологија.

## Што е со вредностите?

Ставот на Европската Унија кон Кина не е хомоген и постои значителна варијација помеѓу различните држави и региони. Како и за многу други прашања, овој сојуз не пртставува едноумие ниту кон односите со Кина, нешто кое може да биде критикувано или пофалено, но секако не е спротивно на вредностите врз кои овој најсовремен облик на мултилатерално обединување е креиран и се одржува. Кина е значаен трговски партнер на Унијата и на нејзините земји-членки, па не е реално да се очекуваат поголеми промени во надворешно-трговските текови во овој однос, но факт е дека снабдувањето веќе се врати во контрола на Унијата.

Сепак, оваа пандемија исто така ги истакна разликите во вредностите меѓу ЕУ и Кина, иако тие прашања не се нови. Европската Унија е сојуз на демократии за кои најважно од сè е да се држат до своите вредности. Иако дел од нив во овој кризен период отстапија од нив, сепак заштитата на вака поставените основи и пред сè на принципот на владеење на правото, ќе биде суштинска и во надминувањето на оваа криза.